# МОНИТОРИНГ НА НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ И РЕПРЕЗЕНТАТИВНИ ПРЕТСТАВНИЦИ ОД МЕЃУНАРОДНАТА ЗАЕДНИЦА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА НЕПОТРЕБНАТА ПРИМЕНА НА НАЈСТРОГАТА МЕРКА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСУСТВО НА ОСОМНИЧЕНО ИЛИ ОБВИНЕТО ЛИЦЕ

- Согласно критериумите поставени во практиката на ЕКЧП,заедно со поглавјето 23, потребно е:

- **Соодветно мапирање на конкретни проблеми и потешкотии со кои се соочуваат правните практичари**;

- **Изнаоѓање на најсоодветно,применливо и одржливо решение**;

- **Дополнителни напори за практично заживување на Законот за пробација,со цел да се овозможи соодветна примена на полесните мерки за обезбедување на непреченоит тек на кривичните постапки**;

- **Зајакнување на човечките и финансиските ресурси,како на обвинителствата така и на судовите**;

- **Соодветен активен ангажман и проактивна улога на Јавниот обвинител,во аргументирање на сите соодветни образложенија,аргументи и докази, со кои ќе ја убеди јавноста но и Судот, во исправноста на предложената мерка за обезбедување присуство**;

- **Потребата судските одлуки да бидат добро структуирани, концизни и добро образложени, со аргументи ЗА и ПРОТИВ предложената мерка**;

- **Предлозите со најтешката мерка за обезбедување присуство,не би требало но и не смеат да се темелат единствено на претпоставки и субјективни убедувања**;

**- Решенијата со определена најтешка мерка,треба задолжително да ѓи содржат основите за определената мерка и основаноста**;

**- Основите, како и основаноста на сомнението,потребно е да бидат детално образложени и конкретно дадени за секое осомничено или обвинето лице, и секоја околност поединечно,во контекст на кривичниот предмет**;

- **Најтешката мерка да се применува единствено кога е неизбежна и нужна, секако по својата природа,не треба и не смее да има својство на казна поради основаноста на сомнението дека некое лице сторило кривично дело,ова секако во зависност од фазата на постапката кога е определена мерката за присуство**;

- **Дополнителни напори за зајакнување на адверсаријалниот и акузаторен карактер на постапките,напуштање на партнерскиот однос помеѓу Обвинителството и Судот,во духот на новиот Закон за кривична постапка,и следствено на тоа равноправност помеѓу Јавниот обвинител од една страна и одбраната од друга страна, при нивното образлагање од потребата,неопходноста или наспроти тоа непостоењето на ниту една причина или потреба од определување на најтешката мерка за обезбедување на присуството**;